8.11.1961



ПО ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДИТЕ „11 ОКТОМВРИ“

# НАГРАДЕНИТЕ ЗБОРУВААТ

**На сите добитници на годинашните награди „11 Октомври“: професорот Блаже Конески, редактор на Речникот на македонскиот јазик, научните соработници на Институтот за македонски јазик Тодор Димитровски, Благоја Корубин и Трајко Стаматоски, составувачи на Речникот, певицата Ана Тофовиќ—Липша, сликарите Тома Владимирски и Спасе Куноски и писателот Ѓорѓи Абаџиев, им поставивме по неколку прашања во врска со работата за која се наградени или воопшто за нивната научна или уметничка дејност. Подолу ги донесуваме нивните одговори.**

*Ѓорѓи Абаџиев:*

## »ОДДАЛЕЧЕНОСТА НА НАСТАНИТЕ И ЛУЃЕТО ОВОЗМОЖУВА ПОЦЕЛОСНО ЗДОГЛЕДУВАЊЕ«

žetve. 3. (принос) (богата жетва.) bogata žetva.
**жетвар** *m* 1. žetelac. 2. mesec juli po narodnom kalendaru.
**жетварка** *f* (1. жена што жние. 2. машина за жнеење.) žetelica.
**жетварски** *adj* žetelački.
**жетвен** *adj* žetveni.

*Тома Владимирски:*

## »ЖИВОТОТ И СТВАРНОСТА — ОСНОВНА ИНСПИРАЦИЈА«

**— Како би го формулирале вашиот став во ликовната уметност?** — гласеше првото прашање што му го поставивме на сликарот Тома Владимирски.

— Се плашам да дадам сосема одреден одговор, — рече Тома Владимирски, — зашто ниту една формулација не е адекватна за она што се создава како уметност, и како индивидуална творечка објава. Во секое вистинско уметничко творештво се преплетуваат елементи од различни становишта за творештвото. Но, сепак, извесно основно уверение постои, па го има и кај мене. И ќе ви речам дека во себе сум задоволен, што сум настојувал да бидам доследен во мојот реалистички став. Сум вршел извесни промени, сум сакал да го еластицирам својот реалистички став, но во суштината си останувам она што сум бил секогаш — реалист.

**— Како се одразуваат животот и стварноста во вашето творештво?**

— Овој наш живот и оваа наша стварност биле првенствена инспирација во моето творештво. Сум тргнувал од она што ми е најблиско, од она што најсилно сум го доживеал. Оној што сака сериозно да создава, не може да го одбегне националниот колорит. Живеејќи под ова поднебје, јас го поставив како широка тема и како најинтензивен импулс на мојот творечки пат. И низ сите негови перипетии мислев и на нашиот човек — како најблиску да им се приближам на неговите интересирања и чувствувања.

**— Што значи Октомвриската награда за вас, за секој уметник?**

— Значи многу, значи едно високо признание за постигањата на уметникот. Лично јас, кој работам повеќе од четврт век во ликовната уметност, наградата што ми е доделена ја примам како највисоко морално признание. Верувајте дека во случајов моралниот ефект за мене е најважен.